20212173666

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став 1 точка 15 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016,120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019) како и член 11 од Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 декември 2020 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Служббен весник на Република Македонија“ бр. 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015,191/2015, 187/2016, 146/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/2019, 198/2019, 63/2020 и 202/2020), во членот 5 се додава нов став 5 кој гласи:

„Лицата опфатени со одредбите на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени, кон пријавата за задолжително здравствено осигурување приложуваат:

- извод од посебната матична книга на родени, издадена од Управата за водење на матични книги, во копија
- Идентификациона исправа издадена од Министерството за внатрешни работи“, во копија
- здравствена легитимација.

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 6, 7 и 8.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од минитерот за здравство, а ќе се применува се до донесување на решение за дополнителен упис во матичната книга на родените за секое лице поединечно, согласно одредбите од Законот за матичната евиденција и од Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени.

Бр. 02-51/19
5 јануари 2021 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
Дејан Николовски, с.р.